**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Бр. 22-1236/4**
**05.12.2024 год.**
**РАНКОВЦЕ**

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020), градоначалникот на Општина Ранковце го издава следното :

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

За спроведување на јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце

Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Ранковце дека се организира Јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце, со тех.број 16/24 од ноември 2024 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

Член 2

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце опфаќа к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце.
Вкупната граница на опфатот зафаќа површина од 7604 м2.
Површина на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 7604 м2.
Со овој урбанистички проект се планира изградба на А4.7-куќи за потребите на селски туризам. Во рамките на проектниот опфат нема изградени објекти и истиот не е опремен со комунална инфраструктура.
Во границите на планскиот опфат планирана е 1 (една) градежна парцела со следната основна класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам.

**ЈАВЕН УВИД**

На Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце, со тех.број 16/24 од ноември 2024 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, ќе трае 15 (петнаесет) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Ранковце www.rankovce.gov.mk, во период од 06.12.2024 год. до 20.12.2024 год., за кое време можат да се доставаат евентуални забелешки секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот во просториите на одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, ЛЕР и јавни дејности при Општина Ранковце.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2024.12.05 13:21:38 +01'00'

**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

Borche Spasovski

Digitally signed by Borche Spasovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=248755, title=Gradonacalnik, sn=Spasovski, givenName=Borche, cn=Borche Spasovski
Date: 2024.12.05 13:25:02 +01'00'